**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-84/2**
**Скопје, 23.01. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Крушево за 2007 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Крушево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Лефкија Гажоска, градоначалник на општина Крушево во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 13.10. до 05.11.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

____________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**10.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли неможат да обезбедат доволно ниво на сигурност и не можат да спречат ризик од плаќање по некомплетна и неликвидирана документација што е спротивно на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Причина за овие ризици е:
- непостоењето на пишани процедури за движење на документацијата;
- немање упатство за материјално финансиско работење;
- немање упатство за благајничко работење, и
- не е назначено лице ликвидатор на документацијата.
Ова придонесува да се вршат плаќања по документација која не е ликвидирана, комплетна и веродостојна и создава можност за ненаменско и незаконско трошење на средствата.

**Препорака:**
Градоначалникот на општина Крушево
- да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање;
- да назначи одговорно лице за уредно ликвидирање на документите пред нивно одобрување за плаќање.

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Во текот на 2007 година од позицијата Трансфери до невладини организации, на хуманитарни организации, здруженија на граѓани и спортски клубови од Буџетот на Општина Крушево се исплатени 100 илјади денари.
Општината нема Програма за активностите во областа на спортот, финансирање на хуманитарни организации и здруженија на граѓани во 2007 година, со утврдени критериуми и постапки. Одобрувањето на овие средства се врши по поединечни барања, без претходно распишан оглас за распределба на средствата и без утврдени

критериуми. Не се бара Годишна програма на барателите, како и повратно известување за намената за која средствата се искористени.
Непостоењето акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, фаворизирање на одредени корисници, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Советот на Општина Крушево да донесе акт за распределба на средства на здруженија на граѓани, невладини организации и спортски клубови, а особено за физички лица со утврдени приоритети во финансирањето, постапка на доделување, критериуми, потребна документација, како и извештај за користење на средства.

10.2.2. Во текот на 2007 година Општина Крушево има исплатено средства од позицијата Разни трансфери износ од 49 илјади денари за помош на социјално загрозени семејства и за лекување.
Општината нема Програма за активностите во областа на социјалната заштита во 2007 година, исто така, нема донесено акт за доделување средства за помош со утврдени критериуми и постапки во однос на видот на помошта (намени за доделување средства и висината на доделената помош). Непостоењето акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства за социјална заштита создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, нееднаков третман на лицата кои поднеле барање, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Советот на општина Крушево да донесе развојни програми од областа на социјалната заштита и акти со дефинирани критериуми за доделување средства, со што ќе се обезбеди наменско користење на средствата за социјалната заштита.

**10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Крушево со состојба на 31.12.2007 година не е целосно извршен, и тоа:
- Пописот на обврските не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Пописот на обврските спрема добавувачите со состојба на 31.12.2007 година содржи само спецификација на обврските, без да биде утврдена реалноста, застареноста на искажаните износи и причината за ненавремената исплата.
- Не е извршен попис на материјалните средства добиени врз основа на спроведен делбен биланс и попис на туѓи основни средства дадени на користење од Република Македонија. При тоа, не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на материјалните средства со нивната вредност искажана во сметководството, поради што ревизијата не се увери во однос на реалноста и објективноста на искажаната вредност на материјалните средства.

**Препорака:**
- Пописната комисија да врши попис на обврските спрема добавувачите и материјалните средства, согласно одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и
- Градоначалникот како одговорно лице да донесе интерен акт за извршување на пописот со кој согласно законската регулатива ќе бидат предвидени сите активности околу пописот.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.4.1. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на дел од расходите и тоа:

- За расходите во износ од 21 илјада денари, искажани на ставката Ситен инвентар, алат и други материјали, кои се однесуваат за набавка на канцелариски материјали и средства за одржување, а поради исплати по некомплетна документација (без испратница и потпис на овластено лице),
- За дел од расходите искажани на ставката Поправка и тековно одржување, поради тоа што дел од фактурите не се комплетни (зимско одржување на патишта без потпис од надзор, сервисирање на возила од повеќе фирми без работен налог, не пишува кое возило е сервисирано, фактурата не е потврдена од овластено лице), во вкупен износ од 263 илјади денари.

Евидентирањето на расходи за кои доставената документација е нецелосна и непотврдена од овластени лица е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што создава можност за зголемени трошоци, погрешно проценување на билансните позиции, а со тоа и до изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Одделението за сметководство евидентирањето на трошоците да го врши на основа на комплетна и од овластени лица потврдена документација.

10.4.2. Општина Крушево има ангажирано лица за извршување на работи и работни задачи предвидени со Правилникот за ситематизација на работните места на општинската администрација, со кои во 2007 година има склучено договори за дело што е спротивно на Законот за работни односи. По овој основ е исплатен надоместок во износ од 183 илјади денари со пресметан и платен персонален данок на доход. Надлежните во општината, биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања.
Во 2008 година општината ја има надминато оваа неправилност и користи услуги преку Ангенција за привремени вработувања.

10.4.3. Склучени се договори за вршење на надзор со лице вработено во општинската администрација со предвиден надоместок од 1% од вредноста на завршените работи и покрај тоа што во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта е предвидено надзор при изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици да врши инспекциски орган од општината односно инспектор за патишта.
Ангажирањето на лице вработено во општинската администрација во редовен работен однос со договор за извршување на работи а без разграничување на времето на извршување на дополнителните и редовните работни задачи е спротивно на законската регулатива и придонесува до ненаменско и незаконско трошење на средствата.

**Препорака:**
За формата на ангажирање на лицата вработени во општинската администрација, Градоначалникот да ги почитува одредбите од Законот за државни службеници.

### 10.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

10.5.1. Општина Крушево во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението број 23-257/67 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Крушево врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија и имот

добиен на користење согласно Одлука број 19-3607/1 од 09.08.2006 година, донесена од Владата на Република Македонија. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2007 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на истите.
За дел од имотот со кој располага и е нејзина сопственост, обезбедени се имотни листи од Државниот завод за геодетски работи, со исклучок на оние КО за кои нема излагање, но не е извршена проценка на нивната вредност.

**Препорака:**

- За имотот за кој се обезбедени имотни листи потребно е да се изврши проценка согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, и да се евидентира во сметководството, и
- За останатиот имот до обезбедување на имотни листи, да се изврши проценка согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, а одделението за сметководство да изврши вонбилансно евидентирање на истиот.

10.5.2. Позициите Краткорочни обврски спрема добавувачите и Активни временски разграничувања во Билансот на состојба се нереално и необјективно проценети, односно искажани се во помал износ од 734 илјади денари поради неевидентирани обврски за 2007 година, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во општината постои пракса сметководствено да се евидентираат фактури/ситуации кои се примени заклучно со 31 декември тековната година и за кои е извршено плаќање.

**Препорака:**
Одделението за сметководство проценувањето на позицијата Обврски спрема добавувачите да го врши согласно Правилникот и Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**10.6. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

10.6.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2007 година ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

а) во делот на општите одредби постапено е спротивно на член 21, односно не се изготвуваат изјави во писмена форма за постоење или непостоење конфликт на интереси од страна на членовите на комисијата за јавни набавки согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

б) во делот на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки (општи одредби) постапено е спротивно на член 50 и 53:
- во постапките за јавни набавки со Отворен повик определените критериуми за оценување во Одлуката за јавна набавка се разликуваат со критериумите објавени во Отворениот повик, а во еден случај се разликуваат и во записникот за евалуација.

в) во делот на склучување на договор постапено е спротивно на член 85:
- општината склучила договори спротивно на условите дадени во понудата на избраниот понудувач и тоа: во постапка за отворен повик 1/07 за Изградба на улици не се исти условите од понудата со склучениот договор (во понудата има гарантен рок во договорот нема); кај постапката со Отворен повик 5/07 за

изработка План и Програма за управување со отпад за општина Крушево се разликуваат условите за плаќање во доставената понуда, склучениот договор со избраниот понудувач и склучениот договор за доделување на средства меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и општина Крушево. Во договорот рок на изработка на План за управување со отпад и Програма за управување со отпад е три месеци. Во договорот за доделување на средства со Министерството за животна средина и просторно планирање договорено е плаќањето да биде на следниот начин: 20% по доставување на Извештај за извршен избор, 80% по доставување на изработениот План и Програма за управување со отпад, извештај за завршената работа и заверени фактури. Плаќањето е извршено со цесија спротивно на договореното во висина од 80% од договорениот износ на ден 20.01.2008 година и 17.06.2008 година, а Планот е добиен на 18.07.2008 година.

Спроведувањето на постапки за јавни набавки, спротивно на Законот за јавни набавки, создава можност за фаворизирање на одредени фирми и ја спречува конкуренцијата.

**Препорака:**

- Набавувачот по објавувањето на повикот да не ги менува критериумите, односно при оценувањето може да ги примени само оние критериуми кои се објавени во повикот и во тендерската документација;
- Условите во склучениот договор да бидат исти со условите содржани во понудата;
- Да се воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат соодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач, до склучување и спроведување на договорите склучени со најповолните добавувачи.

**11. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Крушево во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**11.1. Корекции кај Билансот на состојба**

11.1.1. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на состојбата на сметката Постојани средства во Билансот на состојба за износ од 5.711 илјади денари и за истиот износ е зголемена состојбата на Изворите на средствата и Пасивните временски разграничувања.

12. Според наше мислење, освен за наодите во точките 10.3. и 10.5. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Крушево под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Органот на Општина Крушево за 2007 година, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Крушево се јавува како тужител во една постапка со правно лице за ненаплатен долг.

15. Во однос на препораките дадени во Конечен извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Крушево за 2003 година, ревизијата утврди дека препораките се спроведени освен следните: не е воведен систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, нема ажурност при доставување и евидентирање на обврските и препораките кои не се актуелни поради промена на законската регулатива.

**Скопје, 15.01.2009 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 17.876 | 17.129 |
| **Вкупно приходи** | | **17.876** | **17.129** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 7.495 | 7.194 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 54 | 150 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 5.960 | 4.590 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 200 | 122 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 20 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **13.729** | **12.056** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 4.147 | 5.073 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4.147** | **5.073** |
| **Вкупно расходи** | | **17.876** | **17.129** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | | 0 | 6 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 5.286 | 4.647 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.286** | **4.653** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 266 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 9.774 | 6.653 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 2.104 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **12.144** | **6.653** |
| **Вкупна актива** | | **17.430** | **11.306** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 4.622 | 4.160 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 48 | 11 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 3 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 453 | 476 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 2.264 | 6 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7.390** | **4.653** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 10.040 | 6.653 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **10.040** | **6.653** |
| **Вкупна пасива** | | **17.430** | **11.306** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА**
**ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **8.333** | **8.333** |
| **Зголемување по основ на:** | **4.399** | **4.399** |
| Набавки | 45 | 45 |
| Исправки по ревизија | 4.354 | 4.354 |
| **Намалување по основ на:** | **2.692** | **2.692** |
| Отпис на капитални средства | 1.680 | 1.680 |
| Амортизација | 265 | 265 |
| Исправки по ревизија | 747 | 747 |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **10.040** | **10.040** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*